Вториот по ред НВО Саем – Форум на граѓанското општество во Македонија се одржа од 29 октомври до 1 ноември 2002 година во Скопје.

Преку презентација во изложбениот дел 199 граѓански организации покажаа кои се и што работат во Македонија.

Надвор од тоа, на форумскиот дел повеќе од 1000 претставници на граѓанскиот, но и на владиниот и на приватниот сектор, како и други заинтересирани граѓани имаа можност да слушнат и да дискутираат на повеќе различни теми, важни не само за граѓанскиот сектор, туку за општеството во целина.

Низ салите на хотелот Александар палас каде што се одржуваше вториот НВО Саем - Форум на граѓанското општество во Македонија поминаа повеќе од 6000 заинтересирани граѓани за да го посетат изложбениот или форумскиот дел.

НВО Саемот - Форум на граѓанското општество во Македонија свечено беше отворен на 29 октомври 2003 година. Неговата работа ја поздрави претседателот на Република Македонија, г. Борис Трајковски. „Според сите позначајни општествени теории, еден од столбовите на демократијата во нејзиното модерно разбирање е развојот на невладиниот сектор", рече претседателот Трајковски. „Ова е особено важно за земјите во транзиција. Иницирањето и јакнењето на невладините организации е темел на формирање силно граѓанско општество", додаде тој. „Ви посакувам успешно презентирање на невладиниот сектор. Овој Саем е уште еден позитивен знак за развојот на граѓанското општество во Република Македонија", им порача Борис Трајковски на учесниците на вториот НВО Саем – Форум на граѓанското општество во Македонија.

Вториот НВО Саем – Форум на граѓанското општество во Македонија беше поддржан од Европската агенција за реконструкција. Во името на Агенцијата г. Даниел Џулијарис, шеф на Центарот во Скопје, ги објасни мотивите за таа поддршка. „Европската агенција за реконструкција верува дека има простор за зголемување на влијанието на невладиниот сектор во земјата", рече тој. „Ќе го поддржиме невладиниот сектор на повисоко ниво од досегашното", рече Џулијарис.

НВО Саемот - Форум на граѓанското општество во Македонија го организираа Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), Фондацијата Институт отворено општество Македонија (ФИООМ), Институтот за трајни заедници (ИТЗ) и Католичките служби за помош (ЦРС). Освен организаторите, НВО Саемот беше партнерска активност на уште дваесетина други невладини организации.

Во името на организаторите учесниците ги поздравија и нивните претставници. „Да направиме пат за меѓусебен респект и конструктивна соработка и партнерство меѓу сите актери во општеството", рече Сашо Клековски, извршен директор на МЦМС. „Без исклучок сите заедно, и НВО и синдикатите и медиумите и црквите и верските заедници и другите актери на граѓанското општество и општествено одговорниот приватен сектор и државниот сектор, вклучувајќи ја позицијата и опозицијата и политичарите и јавната администрација. Нашата различност е вредност, а нашето колективно искуство и експертиза ќе бидат повеќе од потребни за да се пронајдат креативни и ефикасни решенија", рече Клековски.



По свеченото отворање на вториот НВО Саем – Форум на граѓанското општество Претседателот на Македонија, Борис Трајковски го посети и изложбениот дел

„Нѐ има многу и различни сме, а тоа е добро", рече во своето обраќање Владимир Милчин, извршен директор на ФИООМ. „Градиме нова политичка култура и треба да разбереме дека дијалогот е основа за соработката. Темите кои ќе ги обработуваме на Саемот се приоритетни не само за невладиниот сектор, туку и за општеството, генерално", додаде Милчин. Учесниците на Саемот ги поздрави и Пол Паркс, извршен директор на ИТЗ, кој рече: „Невладниот сектор е клучен за развојот на граѓанското општество во Македонија, НВО Саемот е доказ за растечкото значење на овој сектор. Таков силен сектор на НВО им е потребен на многу групи во Македонија, особено на ранливите групи во општеството", додаде Паркс. Во своето обраќање до учесниците на НВО Саемот, Ендрју Росауер, директорот на ЦРС, рече: „Македонскиот невладин сектор го прави она што ние го правиме во меѓународната заедница: развој на демократијата во пресрет на социјалните потреби".



# Зошто НВО саем



Пред голем број активисти на граѓанските организации и други заинтересирани граѓани беа презентирани синтезите, предлозите и препораките од НВО Саемот – Форум на граѓанското општество во Македонија

НВО Саемот – Форум на граѓанското општество во Македонија има за цел да придонесе кон зајакнување на институционалниот капацитет и развој на невладините организации во Македонија.

Целите на НВО Саемот се:

- подобрување на информирањето, комуникацијата и координацијата помеѓу НВО
- промоција на секторот на НВО во јавноста и меѓу другите актери
- иницирање и подобрување на регионалната соработка на НВО



# Зошто форум на граѓанското општество

Оценката на првиот НВО Саем што се одржа во 2001 година покажа дека ваквиот настан е единствен и по својата форма и по својата содржина. Беше увидена потребата НВО Саемот да ја преземе улогата на отворен форум за расправа на приоритетите на граѓанските организации за застапување и лобирање. Предноста на НВО Саемот е тоа што обезбедува вклученост на организации од различни сектори и од различни места во Македонија.

Првите дискусии за организирање на вториот НВО Саем - Форум на граѓанското општество во Македонија се одвиваа во таа насока, акцентот да се стави на форумскиот дел но, не за сметка на изложбениот дел, туку едноставно да се прошири можноста за дискусии и расправи на теми суштински за граѓанските организации.

Оваа промена требаше да биде регистрирана и во името на настанот, па така НВО Саемот прерасна во НВО Саем – Форум на граѓанското општество во Македонија.



Од секторскиот панел
„Етичките стандарди во новинарството"



# Организација на НВО саемот

## Програмски одбор

**Владимир Милчин** (Фондација Институт отворено општество Македонија), **Жарко Коневски** (Институт за трајни заедници), **Сашо Клековски** (Македонски центар за меѓународна соработка), **Мерита Кули** (Католички служби за помош), **Ѓорѓи Иванов** (Центар за солидарно општество и демократија), **Мирјана Најчевска**, (Хелсиншки комитет за човекови права), **Ким Мехмети** (Центар за мултикултурно разбирање и соработка), **Абдурауф Пруси** (Ел хилал), **Сашо Чолаковски** (Здружение на новинарите на Македонија), **Весна Велиќ-Стефановска** (Македонска интеретничка асоцијација), **Душица Перишиќ** (Заедница на единиците на локалната самоуправа), **Зоран Костов** (Можности и Македонска развојна фондација за претпријатијата), **Ѓунер Исмаил** (Форум), **Сузана Киранџиска** (Здружение на граѓаните „Чекор по чекор"), **Савка Тодоровска** (Сојуз на организациите на жените на Македонија), **Звонко Шавревски** (Полио плус), **Даниела Стојанова** (Движење на екологистите на Македонија), **Ахмет Јашаровски** (Центар за ромска заедница „Дром"), **Башким Мислими** (Здружение за демократска култура „Толеранца"), **Јована Тренчевска** (ОЖ Струмица), **Диме Велев** (Центар за развој на НВО Велес), **Самет Скендери** (Хуманитарно добротворно здружение на Ромите во Македонија „Месечина"), **Виолета Ефтимова** (Здружение за борба против малигните заболувања „Нов живот"), **Бесим Небиу** (Институт за трајни заедници), **Ибрахим Мемеди** (Потрага по заедничка основа), **Борче Давитковски** (Правен факултет), **Афродита Имери** (УСАИД – Проект Стар).

## Партнери

НВО Саемот - Форум на граѓанското општество во Македонија беше организиран во соработка помеѓу четири партнерски организации. Иако во спроведувањето и доизградувањето на идејата на НВО Саемот беа вклучени уште дваесетина граѓански организации, носители на главниот дел од настаните беа Македонскиот центар за меѓународна соработка, Фондацијата Институт отворено општество Македонија, Институтот за трајни заедници и Католичките служби за помош.

Градењето партнерства помеѓу невладините организации треба да биде вткаено во иднината на граѓанското организирање, тоа значи надминување на фазата на конкурентност помеѓу нив и започнување една нова фаза, фаза на кооперативност. Овие четири организации беа водени токму од овој мотив кога заедно започнаа да го подготвуваат НВО Саемот. Овој пример на партнерство во спроведување на активностите се надеваме дека ќе го следат и другите невладини организации.

Освен организаторите, во подготовките на НВО Саемот - Форум на граѓанското општество во Македонија беа вклучени и 23 претставници на исто толку организации и институции.



## Тек на подготовката

Подготовките за одржувањето на вториот НВО Саем – Форум на граѓанското општество започнаа уште во првата половина на 2002 година кога беше направена оценката на претходниот НВО Саем и беа согледани искуствата од него. Ова придонесе да се согледаат силните и слабите страни во организацијата на првиот НВО Саем со цел тие да бидат потенцирани, односно надминати при организирањето на вториот НВО Саем.

Во почетокот на октомври беше составен Програмскиот одбор на НВО Саемот. Неговите членови се избрани врз основа на повеќе критериуми. При изборот се внимаваше на рамноправната географска застапеност на граѓанските организации, на застапеноста на сите сектори, на баланс во половата застапеност, како и на баланс помеѓу локалните и националните организации. Тие се репрезенти на граѓанскиот сектор во Македонија. Вкупно 23 претставници на организации и поединци, како и претставниците на четирите организатори се договорија како ќе ја утврдат програмска содржина на НВО Саемот, односно како ќе ги одредат темите на форумскиот дел и едукативните сесии.



Од едукативната сесија „Стратешко планирање и одредување на приоритети", одржана првиот ден на НВО Саемот

Водејќи се од актуелноста и од потребата за дискусија, Програмскиот одбор ги одобри темите за форумскиот дел на својата втора седница.

Паралелно со Програмскиот одбор, постојано се состануваше и Организацискот одбор на НВО Саемот. Членовите ги договараа и го следеа спроведувањето на оперативните активности поврзани со одржувањето на НВО Саемот - Форум на граѓанското општество во Македонија, како што се: утврдување на оперативниот план за НВО Саемот, лоцирање на активностите кај секој од организаторите, донесување Упатство за однесување на учесниците на НВО Саемот за време на траењето на Саемот, промотивни активности, транспорт за посетителите надвор од Скопје итн.



# Изложбен дел

На простор од 1845 $м^2$ 199 граѓански организации ги презентираа своите активности од изминатиот период. Организирани самостојно со посебни штандови или партнерски со повеќе други сродни организации на еден штанд граѓанските организации имаа што да ѝ понудат на публиката од 6000 заинтересирани граѓани.

Организаторите ги известија заинтересираните граѓански организации за одржувањето на НВО Саемот - Форум на граѓанското општество во Македонија и за можноста и тие да учествуваат на него преку дневниот печат. Добрите искуства од претходната година придонесоа оваа година бројот на пријавените организации да се зголеми. Така, во изложбениот дел беа сместени штандови на кои се презентираа 199 организации, што се 55 организации повеќе од претходната година.

Самиот простор беше секторски поделен за да можат и учесниците, но и посетителите, полесно да се ориентираат. Освен тоа, секторската поделба требаше да овозможи да се добие целосна претстава за граѓанските организации по поединечни сектори и да им овозможи на специфично заинтересираните граѓани да го видат она за што имаат интерес.

Уште во самото пријавување организациите можеа да го изберат секторот во кој припаѓаат и во кој сакаат да бидат сместени. Целиот простор беше поделен на 15 сектори: жени, човекови права, деца и млади, демократија и владеење на правото, екологија, хендикепирани и маргинализирани, информации, култура и уметност, културни различности и дијалог, малцински заедници, образование, развој, социјално-хуманитарни работи, вработување и мали и средни претпријатија и здравство.

Освен што ги презентираа материјалите од своите активности граѓанските организации ја искористија можноста за да организираат посебни промоции и презентации во изложбениот простор на дел од своите активности: нови публикации, веб-страници, нови програми и проекти, резултати од завршени проекти и сл.



**Поддршка во информирањето на заинтересираните и учесниците во изложбениот и форумскиот дел во сите денови на НВО Саемот даваше рецепцијата**



## Правила за изложбениот дел

- Изложбениот дел е отворен во следните периоди:
  - 29 октомври – од 12 до 20 ч.;
  - 30, 31 октомври – од 09 до 20 ч.;
  - 1 ноември – од 09 до 16 ч.
- Во просториите каде што се одржува изложбениот дел забрането е пушењето, како и употребата на прехранбени продукти и алкохолни пијалоци.
- Учесниците може да го употребуваат изложбениот простор само за сопствена презентација.
- Забранета е продажба на штандовите, со исклучок кога предметите се поврзани со основната дејност на учесникот и во согласност со позитивните законски норми.
- Учесниците не смеат да вршат дистрибуција на партиски, религиозни и други материјали кои не се во согласност со основната дејност на учесникот.
- Учесникот не може да врши бизнис-промоција или дистрибуција на рекламен материјал за трговско друштво.
- Учесникот може да го истакне знакот и логото на своите финансиери и донатори.



**Еден од штандовите на изложбениот дел на НВО Саемот**



# Форумски дел

Форумскиот дел беше организиран во пленарни сесии, панели, секторски панели, тркалезни маси и едукативни сесии.

Пленарните сесии беа простор за дискусија на теми од општо и стратешко значење за граѓанското општество и определување на приоритетите на НВО секотрот. Во текот на вториот НВО Саем – Форум на граѓанското општество во Македонија беа организирани пет такви пленарни сесии. Форумите беа отворени за дискусија.

## Нови појави и трендови – предизвици со кои се соочува граѓанското општество

Воведничарите и дискутантите на првата пленарна сесија ги потенцираа актуелните појави и трендови во граѓанското организирање. Во воведните излагања можеа да се слушнат констатации дека граѓанските организации се зависни од надворешни донации, дека не постои поддршка од страна на владиниот сектор, дека отсуствува стратешко планирање, а активностите што се спроведуваат не ги допираат корените, туку последиците на проблемот. Граѓанските организации немаат право на неслух и аутизам за случувањата во земјата, сметаат воведничарите, туку треба да водат кон промени со почитување на толеранцијата, демократијата и политичката култура. Според нив, по првата фаза на основање, пред граѓанското општество стои следната која ќе бара многу повеќе време и ресурси. Развојот може да се постигне само со максимално искористување на сите човечки ресурси и со активности кои не ги подвојуваат поединечните проблеми, туку ги решаваат во нивното содејство.

Граѓанските организации не се тие кои треба да испорачуваат услуги, таму каде што постојат легитимни испорачувачи (државата), туку да развиваат капцитети и да иницираат промени врз основа на широка домашна поддршка која ќе се базира на документирани и транспарентни резултати и етички стандарди.

Она што стои како предизвик пред граѓанските организации е широката и стратешка соработка меѓу граѓанските организации; соработка на граѓанските организации според потребите, а не формално (заради можностите); интегрално решавање на проблемите, фокусирајќи се на причини, а не на последици; обезбедување дијалог и соработка со владиниот и со бизнис-секторот; обезбедување резултати во работата, како и транспарентност и отчетност; придонес во политиката без партизација.

Воведничари на пленарната сесија беа: Нафи Сарачини, Ѓорѓи Иванов, Сашо Клековски, Владимир Милчин и Теодори Пандели (гостин од Албанија).



На фотографијата се воведничарите и претседавачот на сесијата „Нови појави и трендови – предизвици со кои се соочува граѓанското општество"




## Правила за форумски дел

- Форумските настани се јавни и отворени.
- Учесниците на форумските настани имаат право на присуство и збор.
- Работен јазик на настаните е македонскиот јазик. На одредени пленарни сесии и панели работен јазик може да биде и англискиот јазик или друг јазик.
- Учесниците на форумските настани се евидентираат, и тоа со претходно пријавување или со пријавување за време на настанот. Учесниците што ќе се пријават претходно ќе добијат идентификациски беџ кој треба да го носат за време на НВО Саемот.
- Учесниците може да се пријават за расправа. Пријавувањето се врши пред почетокот на расправата или за време на расправата. Пријавувањето пред почетокот го организира Организацискиот одбор. Тоа се врши по електронски пат до Организацискиот одбор или во „Пријава за учество во расправа" достапна во просторијата каде се одржува расправата до пред почетокот на самата расправа. Пријавувањето за време на расправата го следи фацилитаторот и се врши со кревање рака. Приоритетот е според редолседот на пријавувањето. Максимално дозволено времетраење за една расправа изнесува 5 минути. Еден ист говорник може да се јави за расправа најмногу два пати.
- Во просториите каде што се одржуваат форумските настани е забрането пушењето и употребата на мобилни телефони.

## Етичките стандарди и одговорноста на граѓанското општество

Прашањето на етичките стандарди има посебна тежина посебно кога тоа се однесува на граѓанското општество. Зошто е тоа така? Според воведничарите на оваа пленарна сесија, поради две причини: прво, флексибилната законската рамка овозможува широк простор за организирање на граѓаните. Но, оваа флексибилност, од друга страна, создава еден „правен вакуум", што лесно може да биде злоупотребен од некои организации. Вториот фактор е прашањето на одговорноста на граѓанските организации како општестевени субјекти. Структурите пред кои граѓанските организации се одговорни, како што се целната група, членството, донаторите и јавноста, не поседуваат механизам за контрола и надзор над работата на организациите. Од тие причини, невладините организации треба да создадат механизми преку кои ќе го заштитат сопствениот интегритет и ќе го подобрат својот углед, легитимитет и кредибилитет во јавноста.

Граѓанските организации мора да дадат сопствен пример за транспарентност, одговорност и отчетност, пред да побараат почитување на истите принципи од други.

Процесот на подготовка на документите со кои ќе се регулираат етичките стандарди и одговорноста на граѓанските организации треба да биде партиципативен, отворен и да ги вклучи сите релевантни актери кои можат да дадат придонес за изготвување квалитетни решенија.

Паралелно, треба да се зајакнат капацитетите на граѓанските организации на ова поле (совети, информирање, обука) и да се осигура набљудување на примената на кодексот.

Воведничари на пленарната сесија беа: Келмент Зајази, Самет Скендери, Александар Кржаловски, Катерина Блажевска, Питер Низак (гостин од Унгарија).



## Овозможување ефективна мобилизација на ресурси и потребна рамка

Речиси низ сите сесии се провелкуваше прашањето на зависноста на граѓанските организации од странските донации. Оваа пленарна сесија даде некои одговори или барем патокази за правецот на движење на граѓанските организации во мобилизирањето ресурси.
Добар дел од дискусиите беше концентриран на законската рамка која го регулира работењето на граѓанските организации. Воведничарите сметаат дека „зависничкиот синдром" на граѓанските организации треба да се надминува со соодветна законска и фискална рамка во која овие организации ќе можат непречено да функционираат, но и дека се потребни измени на веќе постоечкиот закон за Здруженија на граѓани и фондации со амандмани со кои се регулира работењето на организациите од јавна корист. Се разбира дека овие промени ќе се одвиваат побрзо доколку се вклучи јавноста во процесот на создавање овозможувачки амбиент за граѓанските организации, но за тоа ќе биде потребно граѓанските организации да ја стекнат довербата на јавноста преку транспарентно, одговорно и отчетно работење.
Настојувајќи да се искористат веќе постоечките позитивни искуствата форумот препорача да се земат предвид искуствата од земјите од Централна и Источна Европа кои се однесуваат на фискалната политика и кои можат да се адаптираат за примена во Македонија;
Во однос на ефективната мобилизација на ресурси, препораките за граѓанските организации се да ги искористат можностите кои во моментов им се на располагање: застапеноста во програмите на политичките партии кои ја формираат новата Влада, странската техничка помош, грантовите на странските и домашните организации, но и да поработат на нивно групирање и окрупнување и да се ангажираат во лобирање за законите кои ги засегаат.
Воведничари на пленарната сесија беа: Борче Давитковски, Даг Ратцен, Зоран Стојковски и Весна Пендовска.

## Корисници или партнери, трендови и предизвици во односите на донаторите со НВО

Генералната констатација на пленарната сесија беше дека граѓанското општество е соочено со глобални трендови и предизвици во односите со донаторите, како што е намалување на севкупната маса на помош и заострување на критериумите при доделување на меѓународната помош, промена на секторското и географското насочување на помошта што резултира со постепено намалување на помошта за Македонија во наредниот период.
Исправени пред овој предизвик, граѓанските организации треба да ја зголемат ориентираноста кон резултати, отчетност, транспарентност, јакнење на своите капацитети, следење на трендовите на донаторите.
Донаторите и корисниците треба да развиваат меѓусебни релации кои ќе се засноваат на взаемно почитување на потребите, политиката и стратегиските цели, информирање и структуриран дијалог.
Воведничари на пленарната сесија беа: Сашо Клековски, Наташа Сердаревиќ и Марио Вељковиќ.



Од панелот „Прашањата на развојот на локалните НВО и предизвици за балансиран регионален развој"



## Вмрежување на НВО во Македонија - научени лекции и можности

Битните елементи за функционирањето на мрежите што ги потенцираа воведничарите се децентрализацијата, чувството на сопственост, отворените канали за комуникација, партиципативноста и финансиската стабилност.
Дилемите кои беа покренати се однесуваа на институционализацијата на мрежите и на прашањето на долгорочноста на целите на мрежата, посебно ако таа е направена за да даде одговор на некое итно прашање.
Конкретен предлог кој произлезе од воведните излагања се однесуваше на создавање заедничка платформа која би ги идентификувала битните прашања за развојот на граѓанското општество и би овозможила подобрување на соработката меѓу невладините организации.
Платформата би ги вклучила прашањата на креирање овозможувачка околина, односно широка поддршка од јавноста и другите актери во општеството, прашањето на воспоставување етички стандарди, како и подобрувањето на релациите со останатите сектори како што е власта, бизнисот, медиумите...
Воведничари на пленарната сесија беа: Славица Инџевска, Сунур Верма, Сунчица Саздовска, Савка Тодоровска и Пеце Талевски.



**Голем број заинтересирани ја следеа пленарната сесија „Вмрежување на НВО во Македонија - научени лекции и можности"**

На четирите панели на НВО Саемот се дискутираше за прашања кои го засегаат целиот граѓански сектор и кои се општи по својата содржина.

Секторските панели претставуваат простор за покренување и дебатирање конкретни прашања од соодветен сектор. Беа организирани 17 секторски панели.

Кроссекторските панели третираа прашања од повеќе сектори, и тоа сектори во смисла на граѓански, владин и приватен, односно бизнис-сектор. На НВО Саемот се одржаа два такви панели.

На вториот НВО Саем - Форум на граѓанското општество се одржаа две тркалезни маси. На тркалезните маси се дискутираа тесно специјализирани прашања од интерес на граѓанското организирање.

Петте едукативни сесии беа организирани на теми поврзани со јакнење на институционалниот капацитет на граѓанските организации. Сесиите во основа имаа информативен карактер, посебно ако се има предвид големиот број заинтересирани учесници на сесиите.



# Социо-културни настани

Вториот по ред НВО Саем – Форум на граѓанското општество во Македонија имаше уште една новина во својата организација. Социо–културните настани беа замислени како модел преку кој ќе се обезбедат повеќе неформални средби помеѓу претставниците на секторот.

Во таа насока организаторите на НВО Саемот во Програмата испланираа неколку такви настани. Сите заинтересирани можеа да ја видат претставата „Кога училишното ѕвоно не ѕвони за нас”, која ја обработуваше темата за малолетничките бракови кај Ромите, а ја изведоа учениците од основното училиште „Дане Крапчев”. Учениците ѝ се претставија на публиката и преку хорот и мандолинскиот оркестар. Претставата и настапот беше во организација на „Дархија” од Скопје. Уште еден социо-културен настан се случи следниот ден, на 31 октомври 2002 година. Повеќе поп групи и пејачи настапија за учесниците на НВО Саемот во една од салите на хотелот Александар палас. Последниот ден беше организирано дружење за учесниците на НВО Саемот во едно од скопските кафулиња.




**Дел од атмосферата од социо-културните настани: претставата за малолетничките бракови и настапот на Кристина Арнаудова**



# Промоција



Промоцијата на НВО Саемот - Форум на граѓанското општество во Македонија се одвиваше на повеќе начини. Најпрво преку огласите со кои беа информирани сите заинтересирани организации кои сакаа да учествуваат на НВО Саемот. Преку нив и пошироката јавност доби информација дека ќе се одржува НВО Саемот.



На прес конфренцијата претставниците на организаторите и претставникот на Европската агенција за реконструкција ги запознаа новинарите со текот на подготовките на вториот НВО Саем – Форум на граѓанското општество во Македонија

Заради промоција пред медиумите, а преку нив и пред јавноста, беше организирана прес-конференција. На прес-конференцијата претставниците на четирите организатори, како и претставникот на Европската агенција за реконструкција, водечкиот донатор на НВО Саемот, пред новинарите ја презентираа идејата за одржувањето на НВО Саемот, целите на овој настан, програмата, очекувањата и комплетната организација.

Организаторите поставија билборди и постери со мотиви од НВО Саемот. Билбордите и постерите ја пренесоа основната информација за одржувањето на НВО Саемот – Форум на граѓанското општество во Македонија. Беа поставени 15 билборди во Скопје, во Битола, во Гостивар, во Тетово, во Струмица, во Охрид, во Штип и во Велес. Постерите беа дистрибуирани преку граѓанските организации кои ја помогнаа логистиката во организирањето на транспортот. Беа испечатени вкупно 1700 постери.

Медиумите му посветија внимание на одржувањето на вториот НВО Саем – Форум на граѓанското општество во Македонија. За разлика од електронските, кои беа фокусирани на отворањето на Саемот, со некои исклучоци кои ги следеа збиднувањата во текот на целиот НВО Саем, печатените медиуми речиси секој ден следеа по некоја од сесиите што се одржуваа во рамките на форумскиот дел.



# Финансирање

Вториот НВО Саем – Форум на граѓанското општество финансиски го поддржа Европската агенција за реконструкција. Во финасирањето на Саемот со сопствени средства учествуваа и четирите организатори, МЦМС, ФИООМ, ИТЗ и ЦРС, како и самите организации учеснички со тоа што патриципираа во сумата за изнајмување на просторот во изложбениот дел.



**Дел од атмосферата на тркалезната маса „Пристап и стандарди во обуката на НВО"**

## Изјави на учесниците и посетителите:

### Петар Асиси – посетител

"Навистина сум импресиониран од работата на невладините организации во Македонија. Човек може да си создаде вистинска библиотека од она што тие го имаат издадено и испечатено. Со овој НВО Саем се променија моите гледишта, разбирањето за работата на невладиниот сектор и сега многу повеќе го почитувам него."

### Олга Чоланчевска, УРБИС

"НВО Саемот беше одличен, имаше обемни форумски активности и добро избрани теми. Изложбениот дел беше малку конфузен. Мислам дека треба заклучоците, како препораки, да се испратат до сите учесници. Што се однесува до предизвиците на невладиниот сектор, интересни се дискусиите за окрупнување – мислам дека тоа е потребно, но не онакво кое што ќе претставува ставање под капа на некои НВО."



## Али Мерсељи, посетител

"Задоволен сум од НВО Саемот, бидејќи ги проширив знаењата, се запознав со невладиниот сектор. Би сакал НВО Саемот да продолжи и во наредните години. Со ваков организиран саем на невладините организации треба да креираме навика за ваков вид саемско случување."

## Бесим Небиу, ИТЗ

"Имаше недоволна медиумска покриеност на НВО Саемот и мислам дека треба во иднина повеќе да се работи на тоа. Инаку, во целост сум многу задоволен од оваа манифестација, добив значајни информации за работата на граѓанските здруженија."

## Заге Филиповски, Граѓаните за граѓаните

"Во целост сум задоволен од НВО Саемот. Мислам дека недостасуваше позначајно присуство на „владини структури" и на политичките партии, особено оние кои го критикуваат невладиниот сектор, но тоа не е слабост на организаторот."

## Марина Петрова, посетител

"Мислам дека е подобро Саемот да се организира во неработни денови, така би имало повеќе посетители. Инаку, Саемот е навистина добро организиран и за мене е многу интересен. Добро е што излегуваше оглас во весниците, за да се запознаат луѓето со програмата. Јас лично на тој начин дознав за две трибини кои ме интересираа и дојдов за да присуствувам на нив."



### Надир Реџепи, ХЗРМ Сонце

“На Саемот имаше голем број воведничари, а малку време за дискусии и сумирање на дискусиите. Потребна е поголема промоција на НВО Саемот во периферните места, а исто така и организирање групни посети од училишта, институции, локални самоуправи, компании и сл.”

### Јелана Јаневска, посетител

“Задоволна сум од НВО Саемот, имаше добри дискусии, одлични едукативни сесии... Сепак, би сакала во иднина при планирањето да се обрне внимание на преклопувањето на сесиите. Би било убаво да можеме сè да посетиме.”

### Весна Ристовска, АРНА

“Во пленарните сесии и дискусиите треба повеќе да се инсистира на предлог-решенија и врз основа на нив во периодот помеѓу два саема да се работи на проекти кои можат да произлезат од тие решенија. На следниот Саем би можело да се дискутира за постигнатите резултати и како да се продолжи понатаму. Така ќе се постигне континуитет во дејствувањето.”

### Ристо Иванов, посетител

“Задоволен сум од настанот во целост. Темите беа добро опфатени, имаше солидни информации, а сепак мислам дека имаше несоодветна подготовка на излагачите. Мислам дека НВО Саемот треба да се искористи за промоција на нови програми и нови пристапи кон проблемите.”



# Програма 29 октомври 2002 година

**11.00 – 12.00** **Отворање на НВО Саемот - Форум на граѓанското општество во Македонија**
**Локација:** *Сала А*

**13.00 – 16.00** **Пленарна сесија**
**Нови појави и трендови-предизвици со кои се соочува граѓанското општество**
**Локација:** *Сала А*
**Воведничари:** Нафи Сарачини, Ѓорѓи Иванов, Сашо Клековски, Владимир Милчин, Теодори Пандели
**Претседавач:** Мирко Спироски

**16.30 – 18.30** **Секторски панел**
**Улога на НВО во решавање на проблемите на сиромаштијата**
**Организатор:** МРФП
**Локација:** *Сала А*
**Воведничари:** Димче Митрески, Денис Бошковски, Васе Девалие, Мухамед Точи
**Претседавач:** Бехиџудин Шехапи

**16.30 – 18.00** **Едукативна сесија**
**Стратешко планирање и одредување на приоритети**
**Организатор:** ИТЗ/ЦРС
**Локација:** *Сала Б*
**Обучувач:** Зоран Стојковски, Марио Вељковиќ

**16.30 – 18.00** **Секторски панел**
**Улогата на НВО и фондациите во културата**
**Организатор:** Мултимедија
**Локација:** *Сала В*
**Воведничари:** Христина Ивановска, Иван Додовски, Елизабета Шелева, Небојша Виилиќ, Филип Дегу
**Претседавач:** Виолета Симјановска

**18.30 – 19.00** **Едукативна сесија**
**Застапување и лобирање**
**Организатор:** ИТЗ
**Локација:** *Сала Б*
**Обучувач:** Кристина Колозова, Жарко Конески

**18.30 – 19.00** **Секторски панел**
**Улогата на НВО во изборниот процес**
**Организатор:** ФИООМ
**Локација:** *Сала В*
**Воведничари:** Пеце Талевски, Башким Мислими
**Претседавач:** Маријана Иванова



# Програма 30 октомври 2002 година

**09.00 – 11.00 Секторски панел**

**Улогата на граѓанското општество во сузбивањето на корупцијата**

Организатор: Транспарентност Македонија
Локација: Сала А
Воведничари: Слаѓана Тасева, Џевдет Хајредини, Бранислав Саркањац, Ѓорѓи Иванов, Владимир Милчин, Хари Костов (видеоизјава)
Претседавач: Зоран Јачев

**09.00 – 11.00 Панел**

**Улогата на граѓанското образование во развојот на граѓанското општество**

Организатор: ЦРС
Локација: Сала Б
Воведничари: Слободанка Ристевска, Милка Илчева, Благица Василевска, Љупчо Атанасов, Наташа Грујевска
Претседавач: Марио Вељковиќ

**09.00 – 11.00 Панел**

**Прашањата на развојот на локалните НВО и предизвици за балансиран регионален развој**

Организатор: ФИООМ
Локација: Сала В
Воведничари: Весна Стојановска, Аце Коцевски, Херберт Шмит, Бајрам Сулејмани, Јута Булинг
Претседавач: Славица Инџевска

**11.30 – 14.00 Пленарна сесија**

**Етичките стандарди и одговорноста во граѓанското општество**

Локација: Сала А
Воведничари: Келмент Зајази, Самет Скендери, Александар Кржаловски, Катерина Блажевска и Питер Низак
Претседавач: Слаѓана Тасева

**11.30 – 13.00 Секторски панел**

**Информациско општество и пристап до информации – Интернет и НВО секторот**

Организатор: Метаморфозис
Локација: Сала Б
Воведничари: Филип Стојановски, Горан Шлакески, Зоран Костов, Јован Петров
Претседавач: Бардил Јашари

**14.00 – 15.30 Едукативна сесија**

**Мобилизација на фондови**

Организатор: ИТЗ
Локација: Сала Б
Обучувач: Јелена Јаневска

**14.00 – 15.30 Секторски панел**

**Имиџот на НВО и како НВО комуницираат и демонстрираат за што постојат – предизвици и перспективи**

Организатор: МЦМС
Локација: Сала В
Воведничари: Маријана Иванова, Пеце Талевски, Горан Момировски и Бардил Јашари
Претседавач: Гонце Јаковлеска



| 14.00 – 15.30 | **Тркалезна маса** |
|---|---|
| | **Пристап кон партиципацијата на заедниците во развојните проекти** |
| Организатор: | МЦМС |
| Локација: | Сала Г |
| Претседавач: | Бесим Небиу |

| 14.30 – 15.00 | **Презентација** |
|---|---|
| | **Фондација Мобимак** |
| Локација: | Сала А |

| 15.30 – 17.00 | **Пленарна сесија** |
|---|---|
| | **Овозможување на ефективна мобилизација на ресурси и потребната рамка** |
| Локација: | Сала А |
| Воведничари: | Борче Давитковски, Даг Ратцен, Зоран Стојковски, Весна Пендовска (видео изјава) |
| Претседавач: | Владимир Милчин |

| 17.00 – 18.30 | **Пленарна сесија** |
|---|---|
| | **Корисници или партнери, трендови и предизвици во односите на донаторите со НВО** |
| Локација: | Сала А |
| Воведничари: | Сашо Клековски, Наташа Сердаревиќ, Ане Каролине Твеј, Марио Вељковиќ |
| Претседавач: | Нафи Сарачини |

| 18.30 – 20.00 | **Секторски панел** |
|---|---|
| | **Етичките стандарди во новинарството – крупција меѓу новинарите** |
| Организатор: | ЗНМ |
| Локација: | Сала В |
| Воведничари: | Катерина Блажевска, Сашо Чолаковски и Роберт Поповски |
| Претседавач: | Горан Величковски |

| 20.30 | **Социо-културен настан** |
|---|---|
| | **Хор, мандолински оркестар и театарска претстава** |
| Организатор: | Дархија |
| Локација: | Сала А |



**Боге Чадиновски и Јана Петрушевска, воведничари на секторскиот панел „Враќање на внатрешно раселените лица"**



# Програма 31 октомври 2002 година

**09.00 – 11.00 Кроссекторски панел**

**Општествено одговорни претприемачи и етички инвестиции**

Организатор: МЦМС
Локација: Сала А
Воведничари: Јован Петревски, Драги Змијанац, Ристо Пенов, Бети Јовановиќ
Претседавач: Сашо Клековски

**09.00 – 10.30 Едукативна сесија**

**Кодекс на однесување**

Организатор: ИТЗ
Локација: Сала Б
Обучувач: Келмент Зајази

**09.00 – 10.30 Секторски панел**

**Улогата на меѓународните судови во зачувувањето на човековите права**

Организатор: ИЦГО
Локација: Сала В
Воведничари: Зоран Гавриловски, Лори Галвеј и Лилјана Цимовска
Претседавач: Суад Мисини

**11.00 – 12.30 Секторски панел**

**Враќање на внатрешно раселените лица**

Организатор: МЦМС
Локација: Сала В
Воведничари: Боге Чадиновски, Јана Петрушевска, Зола Дауел
Претседавач: Александар Кржаловски

**11.00 – 13.00 Кроссекторски панел**

**Соработка на граѓанското општество и владата, предивици и ограничувања**

Организатор: МЦМС
Локација: Сала А
Воведничари: Цвјетана Матич-Плавиша, Флора Љатифи, Даниела Стојановска, Сашо Клековски
Претседавач: Ѓунер Исмаил

**11.30 – 13.00 Секторски панел**

**Развојот на малите и средни претпријатија преку потсекторски пристап**

Организатор: МРФП
Локација: Сала Б
Воведничари: Љупчо Тошев, Емилија Спировска, Марија Костовска
Претседавач: Тетјана Лазаревска

**13.00 – 14.30 Секторски панел**

**Важност и заштита на националните паркови во РМ – Национален парк „Пелистер”**

Организатор: ДЕМ
Локација: Сала Б
Воведничари: Стеван Орозовиќ, Петар Андонов,
Претседавач: Даниела Стојановска



| | |
|---|---|
| **13.30 – 15.00** | **Секторски панел** |
| | **Граѓанската партиципација во одлучувањето на национално и на локално ниво** |
| Организатор: | МЦМС/ЗЕЛС |
| Локација: | Сала А |
| Воведничари: | Аце Коцевски, Ана Пејова, Давид Фалкон Матилда Димовска, Газмент Цами |
| Претседавач: | Џевдет Хајредини |

| | |
|---|---|
| **13.30 – 15.00** | **Едукативна сесија** |
| | **Вмрежување** |
| Организатор: | ЦРС |
| Локација: | Сала Б |
| Обучувачи: | Марио Вељковиќ и Фатмир Сарачини |

| | |
|---|---|
| **15.30 – 18.00** | **Пленарна сесија** |
| | **Вмрежување на НВО во Македонија - научени лекции и можности** |
| Локација: | Сала А |
| Воведничари: | Славица Инџевска, Сунур Верма, Савка Тодоровска, Сунчица Саздовска, Пеце Талевски |
| Претседавач: | Бесим Небиу |

| | |
|---|---|
| **18.30 – 19.30** | **Секторски панел** |
| | **Родовата застапеност во главните текови на општеството** |
| Организатор: | МЦМС/ЕСЕ |
| Локација: | Сала А |
| Воведничари: | Валентина Новковска, Билјана Бејкова, Гзиме Старова, Владанка Андреева |
| Претседавач: | Билјана Герасимовска |

| | |
|---|---|
| **18.30 – 20.00** | **Секторски панел** |
| | **Мрежа на РНВО** |
| Организатор: | Рома 2002 |
| Локација: | Сала Б |
| Воведничари: | Ахмет Јашаревски, Рамадан Пини, Рамиза Сакип, Љатиф Демир |
| Претседавач: | Ахмет Јашаревски |
| **18.30 – 20.00** | **Презентација** |
| | **Школа за демократија и Граѓанска платформа за мир и стабилност** |
| Локација: | Сала В |
| **20.30** | **Социо-културен настан** |
| | **Концерт на поп групи од Македонија** |
| Организатор: | Наше маало продукција |
| Локација: | Сала А |



**Претставници на државните институции и невладините организации разговараа за внатрешно раселените лица**



# Програма 1 ноември 2002 година

**09.00 – 10.00** **Организациска презентација**
**Европска агенција за реконструкција**
Локација: Сала А

**09.00 – 10.30** **Секторски панел**
**Предизвик на разоружувањето**
Организатор: ФИООМ
Локација: Сала Б
Воведничари: Билјана Ванковска, Антониот Дојчиновски, Илир Ајдини, Петар Шкрбина
Претседавач: Суад Мисини

**09.00 – 10.30** **Секторски панел**
**Улогата на синдикатите во граѓанското општество**
Организатор: ССМ/МЦМС
Локација: Сала В
Воведничари: Ванчо Муратовски, Мирко Спироски
Претседавач: Мирко Спироски

**10.30 – 12.00** **Панел**
**Македонските НВО и интеграциите во Европа**
Организатор: Редакција „Евродијалог"
Локација: Сала А
Воведничари: Ѓунер Исмаил, Димитер Мирчев, Суад Мисини, Александар Генчов
Претседавач: Зоран Костов

11.00 – 12.30 Секторски панел
**Здравствената заштита по реформите во здравството**
Организатор: АМОС/ЦХР
Локација: Сала Б
Воведничари: Лилјана Кочанковска, Филип Дума. Сашо Кочанковски, Омер Сулејмани
Претседавач: Елена Грозданова

**11.00 – 12.30** **Секторски панел**
**НВО и реформите во пензискиот систем во Македонија**
Организатор: СОЖМ/ССМ
Локација: Сала В
Воведничари: Лилјана Јанкуловска, Зорица Апостоловска, Савка Тодоровска
Претседавач: Искра Кондарко

**11.00 – 12.30** **Тркалезна маса**
**Пристап и стандарди во обуката на НВО**
Организатор: МЦМС
Локација: Сала Г
Претседавач: Лилјана Алчева-Јовановска

**13.00 – 15.00** **Пленарна сесија**
**Синтеза, предлози и препораки**
Локација: Сала А

**20.30** **Социо-културен настан**
**„Happy hours" – забава во кафуле Амбасадор**



# Учесници во изложбениот дел

## Сектор: Жени

Женски центар, Скопје
Женско здружение за за заштита на правата на Ромите - Штип
Шелтер центар
Асоцијација на жените „Логос"
Форум на албанската жена - Тетово
Хуманитарно здружение МАЈКА - Куманово
Коло на српските сестри - Куманово
Кризен центар за жртви на насилство „Надеж„
ОЖ „Радика", Скопје
ОЖТ Дерја
Организација на жените на Маврови Анови
Организација на жените на општина Свети Николе
Организација на организациите на жените наМакедонија
Организација на турските жени во Македонија „МАТИКАТ" - Гостивар
Ромска асоцијација за жени и млади „Лулуди", Скопје
Ромска организација на жените на Македонија „Даја" - Куманово
Сојуз на жената Албанка - Гостивар
Сојуз на жената Албанка - огранок „ЧАИР" - Скопје
Сојуз на албанската жена на Македонија
Сојуз на организациите на жените на РМ
Визија - Непроштено
Здружение на жената БЛЕСС - Куманово
Здружение на жените „Ауерола" Струга
Здружение на жените домаќинки на Македонија
Здружение на жените Ромки „ЕСМА" - Скопје
Здружение на албанските жени - Битола
Здружение на граѓаните „Везилка-Ленка", Велес
Здружение на граѓаните за иницијативи и помош „Сонце" Кочани
Здружение за еманцпација, солидарност и еднаквост на жените на Република Македонија

## Сектор: Човекови права

Центар за човекови права - Амос, Битола
ЦИВИЛ
Граѓански патеки
Заедно можеме повеќе
Здружение на граѓаните за демократија и човекови права „Свест"

## Сектор: Деца и млади

Амбасада за сите деца и младинци
Безбедно детство
Детски парламент на Македонија, Велес
Друштво за културна соработка „Македонија-Франција"
Фондација за образование и културни иницијативи „Чекор по чекор", Скопје
Група извиднички одреди
Група на извидничките одреди од Скопје
ИО „Браќа Миладиновци" - Скопје
ИО „БРАН"
ИО „Д.Г. Дидо" - Виница
ИО „Галеб"
ИО „Гоце Делчев"



ИО „Илинден"
ИО „Јадран"
ИО „Јавор" - Скопје
ИО „Крсте Јон"
ИО „Методи Митевски-Брицо"
ИО „Мирко Милевски"
ИО „Младост"
ИО „ПСИО"
ИО „Сидро"
ИО „Скаут"
Извиднички одред „Димитар Влахов" Велес
ЈЕФ - Млади европски федералисти на Македонија
Македонски модел на Обединетите нации
ПДАС „Меѓаши"
Сојуз на извидниците на Македонија
Совет за превентива против малолетничка деликвенција
Театарска младина на Македонија

## Сектор: Демократија и владеење на правото

Асоцијација за демократски вредности - Велес
Асоцијација за граѓанска толеранција и соработка - Прилеп
Центар за мир и демократија „Јан Колинс"
Центар за независни граѓански иницијативи - Кратово
Европско здружение на студентите по право во Р. Македонија
Форум - центар за стратегиски истражувања и документација
Граѓаните за граѓаните
Граѓанска асоцијација МОСТ
Граѓанска асоцијација ОХО
Младински образовен форум
Организација на потрошувачите на Македонија
Организација за заштита на правата на потрошувачите, огранок Штип
ОРТ - Здружение за информации, обука и одржлив развој
Сојуз на невладините организации - Велес
Транспарентност Македонија

## Сектор: Екологија

Биосфера - Центар за едукација, заштита на животната средина и природата



**Секторскиот панел „Информациско општество и пристап до информации – Интернетот и НВО секторот" предизвика големо внимание кај активистите на граѓанските организации**



Центар за развој на екологијата „Идеал" - Тетово
Движење на екологистите на Македонија
ЕД Кладенец
Еколошка организација „Екомент"
Еколошки друштво „ЈАВОР" - Зрновци
Еколошки друштво „Опстанок" - Скопје
Еколошко друштво „Јагода"
Еколошко друштво „Колибри" Битола
Еколошко друштво „Планетум" Струмица
Еколошко друштво „Зелен центар"
Еколошко друштво КИТКА
Европски форум - Миравци
Новинарско-правен енвиро центар ЕРИНА
Здружение на граѓаните „ОДИСЕЈА" Охрид
Здружение за одржлив развој

## Сектор: Хенидикепирани/маргинализирани

Полио плус
Заедница на инвалидските организации на Македонија
Здружение на граѓаните за поддршка на лица со психози
Добредојде", Скопје

## Сектор: Информации

Македоснки развоен центар - Скопје
МИМ
Мрежен електронски центар - Скопје
Здружение на новинарите на Македонија
Здружение за развој на медиумите на турски јазик - Скопје

## Сектор: Култура и уметност

Центар за изведувачки уметности - Мултимедија
ЗД за валоризација, популаризација и пелагологија на културното наследство
Здружение на резбарите „Орев", Берово
Здружение за подобро - Куманово

## Сектор: Културни различности и дијалог

Актив за независни иницијативи (АНИ) - Штип
Асоцијација за отворени комуникации - Битола
Асоцијација за прогрес, лобирање и едукација (НЕЛ) - Штип
Балканско здружение за пријателство и соработка - Битола
Центар за балканска соработка „ЛОЈА" Тетово
Центар за демократски развој - Тетово
Центар за култура и конструктивна акција „НЕВЕН" - Скопје
Центар за меѓуетничка толеранција и бегалци
Центар за пермакултура и мироградба - Гостивар
ДРЈЛ „Дархија", Скопје
Европски центар за малцински прашања, Регионален НВО ресурсен центар Штип
Европски центар за малцински прашања, Регионален НВО ресурсен центар Битола
Европски центар за малцински прашања, Регионален НВО ресурсен центар Гостивар
Европски центар за малцински прашања, Регионален НВО ресурсен центар Куманово
Европски центар за малцински прашања, Регионален НВО



ресурсен центар Скопје
Европски центар за малцински прашања, Регионален НВО ресурсен центар Тетово
Форум за мировен граѓански сервис
Граѓанска асоцијација за мир и толеранција АУРОРА - Битола
Група ФЕЛИКС - Битола
Хуманитарна организација Ел хилал - Куманово
Македонски центар за култура и развој
Меѓуетнички проект - ИГП Гостивар
Младински еколошки центар „Рекански бисер” - Гостивар
Младински културен центар - Битола
Мултиетнички организациски центар за асоцијација, развој и соработка „МОЦАРТ” - Тетово
МУЛТИКУЛТУРА - Тетово



На едукативната сесија „Мобилизација на фондови” и практично се испробаа вештините на присутните

Нансен дијалог центар
Неготински круг
Потрага по заедничка основа Скопје
С.О.С - Куманово
УРБИС
Установа „Центар за современи уметности” Скопје
Здржение за образование, култура, екологија и хуманост - Милениум
Здружение на граѓаните „Контрапункт”
Здружение на граѓаните за хуманитарна работа „ДЕНИЦА” Гостивар
Здружение за демократска култура - Толеранца
Здружение за образование, култура, екологија и хуманост „МИЛЕНИУМ” Врапчиште - Гостивар
ЗГ Мултимедијален центар ЛУК Куманово

## Сектор: Малцински заедници

Центар на ромската заедница ДРОМ - Куманово
Форум за правата на Ромите АРКА - Куманово
ХДЗР „Месечина”
Хуманитарно здружение на Ромите во Македонија „Сонце” - Тетово
Културно хуманитарно здружение на Турците „Челебија” - Битола
Организација на турската младина во Македонија „РУМЕЛИ” - Скопје
Српска заедница во Македонија - Куманово
Унија за култура на Власите во Македонија - Скопје
Здружение на Пољаците во Македонија „Полонија” - Скопје
Здружение на Ромите „Нево друм”



Здружение на Ромите од Битола БАИРСКА СВЕТЛИНА - Битола
Здружение на тиквешките Роми - Штип
Здружение на Турците - Куманово
Здружение за човекови права на Ромите „Авутнипе" - Скопје

## Сектор: Образование

Економско образование на младите менаџери, Скопје

## Сектор: Развој

Фондација Хоризонт
Граѓанска асоцијација на Македонија ГАМА
Граѓански комитет за развој, Пробиштип
Натурресурсфорум

## Сектор: Социјално-хуманитарни работи

Црвен крст - општина Чаир
Детски центар - Џунџуле
Хуманитарен македонски национален центар
Хуманитарна организација ЕЛ ХИЛАЛ
Каритас - претставништво Скопје
Меѓународна федерација на Црвениот крст и Црвената полумесечина
Отворени забавни фудбалски школи
Предизвик за младите
Здружение на граѓаните „Универзитет трето доба" - Скопје
Здружение на пензионерите - Струмица
Здружение на социјалните работници на град Скопје

## Сектор: Вработување и мали и средни претпријатија

Агенција за поддршка на претпријатијата
Македонско-германско стопанско здружение
Мерси корпс
МРФП
Пчеларско здружение „Пчела", Велес
Здружение на одгледувачите на пчели „Пчела" Пробиштип
ЗМАК - Здружение на менаџерите и аудиторите за квалитет

## Сектор: Здравство

Центар за психосоцијална поддршка и грижа за ментално здравје
Доверба
Х.Е.Р.А. Скопје
Хопс - Опции за здрав живот
Јога сојуз на Македонија
Комаја - Друштво за развој на уметноста на живеењето
Сојуз на здруженијата на граѓаните со дијабетес на Македонија
ЗБМЗ „Нов живот", Штип
Здружение за борба против ракот на дојката НОВА СТРАНА ОД ЖИВОТОТ - Штип
Европска агенција за реконструкција
Фондација Институт отворено општество Македонија
Институт за трајни заедници
Католички служби за помош
Македонски центар за меѓународна соработка






## Мапа на хотелот Александар палас